**Известување за концентрација со која СТРАБАГ АГ, Австрија и АБЕРДИН ИНФРАСТРУКТУРЕ (ХОЛДКО) В-А Б.В., Холандија ќе стекнат заедничка контрола над МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткереен Микеде Решвењтаршашаг, Унгарија (предмет бр. 08-91/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 21.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која СТРАБАГ АГ, со регистрирано седиште на адреса Ортенбургерштрасе 27, А-9800 Шпитал ан дер Драу, Австрија и АБЕРДИН ИНФРАСТРУКТУРЕ (ХОЛДКО) В-А Б.В., со регистрирано седиште на адреса Заудплејн 166, 1077 XV Амстердам, Холандија ќе стекнат заедничка контрола над МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткереен Микеде Решвењтаршашаг, со регистрирано седиште на ул. Будафоки 91-93. зграда Ц. 5 кат. 1117 Будимпешта, Унгарија, по пат на купопродажба на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Страбаг АГ е дел од Страбаг групацијата, која е активна во градежната индустрија и има седиште во Австрија. Страбаг АГ поседува 50% од акциите во МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткереен Микеде Решвењтаршашаг и има (негативна) поединечна контрола над МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткереен Микеде Решвењтаршашаг. Главните активности на Страбаг Групацијата се: (i) градежништво и нискоградба (изградба на патишта, железници и тунели), (ii) високоградба и развој на недвижности, (iii) специјализирани инженерски и инфраструктурни проекти и (iv) еколошки и индустриски услуги. Страбаг Групацијата е активна во Република Северна Македонија преку различни инфраструктурни и градежни проекти.

Страбаг Групацијата ги има следните регистрирани подружници во Република Северна Македонија:

(i) СТРАБАГ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ПОЛСКА - ПОДРУЖНИЦА СТРАБАГ Скопје со главна приоритетна дејност 42.12 – Изградба на железници и подземни железници;
(ii) СТРАБАГ Д.О.О. БЕЛГРАД - Подружница СТРАБАГ Скопје Република Северна Македонија, со главна приоритетна дејност 42.11 – Изградба на патишта и автопати;
(iii) СТРАБАГ АГ Подружница СТРАБАГ Скопје, со главна приоритетна дејност 42.11 – Изградба на патишта и автопати;
(iv) Друштво за услуги СТРАБАГ ДООЕЛ Скопје, со главна приоритетна дејност 41.00 – Изградба на станбени и нестамбени згради; и
(v) ЦМЛ Цонструцтион Сервицес д.о.о Белград - Нови Белград - Подружница Скопје, со главна приоритетна дејност 70.20 – Дејности на советување во врска со работењето и останато управување.

АБЕРДИН ИНФРАСТРУКТУРЕ (ХОЛДКО) В-А Б.В. е дел од пошироката Абердин групација, меѓународна групација за финансиски услуги и управување со средства со седиште во Обединетото Кралство. Главните активности на Абердин Групацијата

вклучуваат: (i) управување со средства и инвестициски решенија, (ii) управување со богатство и производи за штедење за индивидуални и институционални клиенти и (iii) развој и управување со дигитални инвестициски платформи и советодавни услуги. Дополнително, Абердин Групацијата е ангажирана и во: (i) решенија за пензиско и пензиско-осигурително обезбедување, (ii) мулти-асетни и алтернативни инвестициски стратегии и (iii) обезбедување услуги за финансиско планирање и посредување. Абердин Групацијата поседува 20% од акциите во МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткереен Микеде Решвењтаршашаг. Абердин Групацијата нема деловни активности ниту подружници во Република Северна Македонија.

МАК Мечек Аутопаља Концесиош Зарткереен Микеде Решвењтаршашаг управува со делница од автопатот М6 во Унгарија врз основа на договор за концесија кој е во сила до 2037 година. Целното друштво нема деловни активности ниту подружници во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар за управување со транспортна инфраструктура на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

26.05.2026 година
Скопје